Во согласност со Прирачникот на *Меѓународниот кодекс за етика за професионалните сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност)* (Кодексот за етика) објавен во Службен весник на Република Северна Македонија бр. 273/24 од 30.12.2024 година, известуваме дека финансиските извештаи на Штедилницата за 2025 година се ревидирани од Друштво за ревизија Грант Торнтон доо Скопје (понатаму „Грант Торнтон“). Грант Торнтон беше назначен за ревизор на финансиските извештаи на Штедилницата за 2025 година на седница на Единствен содружник , која се одржа на 29.08.2025 година. Во текот на ревизијата на финансиските извештаи за 2025 година, Грант Торнтон комуницираше со оние кои се задолжени за управувањето со Штедилницата и достави писмена изјава за независност во која се потврдува дека тимот за ангажманот, Друштво за ревизија Грант Торнтон доо Скопје и фирмите членки на Грант Торнтон мрежата се придржувале до релевантните етички барања во однос на независноста.

Надоместоците за ревизија на законските финансиски извештаи на и за годината што завршува на 31 декември 2025 година изнесуваат 509,782,00 (петстотини и девет илјади седумстотини осумдесет и два ) денари. Штедилницата не користеше не-ревизорски услуги обезбедени од Грант Торнтон и фирмите членки на Грант Торнтон мрежата.